**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

**З А П И С Н И К бр.1**
**од**
**Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и ФЕНИ индустри**

Прв состанок , 17.10.2007 год. сала за состаноци во МЖСПП, почеток 10 ч.

## Присутни:

**Тим за реговарање на МЖСПП:**
- Миле Јакимовски, директор на Управа за животна средина
- Орхидеја Нечева Петрова, директор на Државен инспекторат за животна средина
- Лендита Дика, раководител на сектор за индустриско загадување и управување со ризик-раководител на тимот,
- Ана Каранфиловска Мазнева , раководител на Сектор за животна средина
- Назим Алити, раководител на одделение за интегрирано спречување и контрола на загадувањето
- Драгана Черепналковска, раководител на одделение за усогласување на правото на ЕУ и преговарање
- Снежана Ѓорѓиева, самостоен референт во Сектор за комуникација со јавност-записничар,

**Тим за преговарање на ФЕНИ-индустри:**
- Оливие Десаведави, директор на Сектор за животна средина-претседател на тимот
- Борис Ристов, заменик директор на Сектор за животна средина-заменик претседател на тимот
- Орданчо Ристов, раководител за оддел за истражување во Сектор за животна средина
- Цветко Стојанов, технолог во Сектор за животна средина

Првиот состанок на тимовите за преговање го отвори г-дин Јакимовски кој посочи дека ФЕНИ индустри е инсталација која прва поднесе барање за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола. По претставување на тимовите договорено е на овој состанокот да се започне со разгледување на Активностите од Оперативниот план.
Г-дин Десаведави нагласи дека овој Оперативен план е изработен пред една година, и некои точки од него веќе се реализираат.

**ул. Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје тел. 02 30 66 930, тел/факс 02 30 66 931**
**e-mail: infoeko@moe.gov.mk web: www.moepp.gov.mk**

**Анализа на активностите од Оперативниот план:**

Активност бр. 1: Нов Електростатички фитлер за Систем Лепол решетка-Ротациона печка, Линија 2
Активност бр. 2: Електростатички филтер за Систем Лепол решетка- Ротациона печка, Линија1
Активност бр. 3: Стар Електростатички филтер за Систем Лепол решетка-Ротациона печка, Линија 2
Активност бр. 4: Чистење на таложните базени од наслаги- талози
Активност бр. 5: Изградба на два таложни базени за емисиите во површинска вода.
Активност бр. 6: Санација на Путокс станицата (систем за прочистување на фекалната вода)

**По првичната анализа на сите точки од наведените активности Тимот за преговори на МЖСПП побара:**
**Оперативниот план да се надополни со:**

- Активност бр. 7: континуиран мониторинг со поставување на сонда за линија бр.2
- Активност бр. 8: решение за електростатски филтер на линија 1
- Активност бр.9: континуиран мониторинг со поставување сонда за линија 1
- Активност бр. 10: поставување на автоматска мониторинг станица за мерење на амбиенталниот воздух

**По однос на Активност бр. 1:** да се дополни и да се прецизира до кога ќе се воспостави континуиран мониторинг и извештаи од мерења на истиот, по што ќе следува измена и на Нацрт дозволата за усогласување ос оперативниот план;

**По однос на Активност бр. 2:** се прифаќа оваа активност со дополнување на ново решение за 1 ротациона печка со цел постигнување на вредности под МДК на линија 1.
Договорено е на следниот состанок да се дискутира повеќе за точка 8 од Активност бр.2

**По однос на Активност бр. 3:** точки 3, 5 и 8: Предвидената дата на завршување на активноста и вредностите на емисиите по реализирање на активноста како и време на користење на стариот електростатски филтер. да биде тема на следниот состанок. Извештајот од мерењата да се дефинира како ќе се спроведува во меѓувреме.

**По однос на Активност бр. 4:** Да се надополни во Нацрт дозволата дека процесот е реверзибилен, талогот повторно се враќа во процесот. Терминот по точка 3 за чистење на таложникот е прифатлив до 31.12.2007.

Останатите точки од Активноста бр.4 и **Активноста бр.5** да бидат предмет на дискусија на следен состанок.

**По однос на Активност бр. 6:** Терминот 30.06.2008 год. е прифатлив.
Точка 5 да се преимени и да гласи: емисијата од ова емисионо место ќе биде во рамките на МДК.

Да се разгледа Нацрт дозволата во однос на Депонијата и да се дискутира за тоа на следен состанок.

За следниот состанок кој е закажан на 25.10.2007 (четврток) да се донесат овластувања за членовите на Тимот за преговори на ФЕНИ индустри. Истите да ја разгледаат Нацрт дозволата.

Заклучено е на секој состанок да се разгледува а потоа и усвојува записник од предходен состанок.

Состанокот заврши во 12 часот.

Записничар:

Снежана Ѓорѓиева